**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# Н А Ц Р Т - З А П И С Н И К

## Од ШЕЕСЕТ И ШЕСТТАТА седница
## на Советот на Општина Гази Баба,
## одржана на 26.09.2025 година

**СКОПЈЕ, ЈУЛИ 2025 ГОДИНА**

**Н А Ц Р Т - З А П И С Н И К**

**Од Шеесет и шесттата седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 26.09.2025 година**

Седницата започна во 12:40 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, **м-р Сашо Кукески**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба. претставници од општинската администрација и подносителите на материјалите предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Шеесет и петтата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Шеесет и петтата** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **27 гласа "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **м-р Сашо Кукески**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата и дополнително на 23.09.2025 година, **со следниот предлог за дополнување** на предложениот дневен ред:

Согласно извештајот на статутарно - правната комисија, бр.09-8681/2 од 26.09.2025 година, се предлага дополнување на предложениот дневен ред со следната точка:

**3.** Предлог - Одлука за примање на донација од финансиско друштво "Иуте Кредит Македонија" ДООЕЛ Скопје.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точка "3"** беше усвоен со **26 гласа "ЗА"**.

Претседателот на Советот констатираше дека точката "3" е составен дел на предложениот дневен ред.

За работата на седницата со **27 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Предлог - Одлука за примање на донација од "ЛИДЛ Северна Македонија" ДООЕЛ Скопје;
2. Предлог - Одлука за давање согласност на одлука на училишен одбор на ООУ "Дане Крапчев", Општина Гази Баба - Скопје, за расходување и отуѓување на основни средства; и
3. Предлог - Одлука за примање на донација од финансиско друштво "Иуте Кредит Македонија" ДООЕЛ Скопје.

Пред преминување на расправа и одлучување по точките од утврдениот дневен ред, беа соопштени ставовите на комисиите.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за примање на донација од "ЛИДЛ Северна Македонија" ДООЕЛ Скопје.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за примање на донација од "ЛИДЛ Северна Македонија" ДООЕЛ Скопје, со **25 гласа "ЗА"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на одлука на училишен одбор на ООУ "Дане Крапчев", Општина Гази Баба - Скопје, за расходување и отуѓување на основни средства.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на одлука на училишен одбор на ООУ "Дане Крапчев", Општина Гази Баба - Скопје, за расходување и отуѓување на основни средства, со **25 гласа "ЗА"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за примање на донација од финансиско друштво "Иуте Кредит Македонија" ДООЕЛ Скопје.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за примање на донација од финансиско друштво "Иуте Кредит Македонија" ДООЕЛ Скопје, со **25 гласа "ЗА"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на советот - м-р Сашо Кукески ја заклучи Шеесет и шесттата седница на советот на Општина Гази Баба, во **12:45** часот.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески**

***** аудио записот од седницата е составен дел на записникот